РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 0802-69
05.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 82 став 1 алинеја 6 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 80 став 5 од истиот Закон, член 51 став 1 и став 3 и член 52 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.124/15), член 28 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.96/19), член 24 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-6222/1 од 12.12.2014 г., постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.0803-69 од 19.02.2024 г. за покренување постапка за одземање и Предлогот Уп1 бр.0803-69 од 29.02.2024 г. за донесување одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, а согласно Заклучокот, арх.бр.0201-1054/12 од 05.03.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на првото продолжение на 8-та седница одржано на 04.03.2024 г. донесе

# ОДЛУКА
## за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за радио емитување, бр.08-105 од 07.09.2023 г. на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, поради неплатен годишен надоместок за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактура бр.2024-100-0058 од 11.01.2024 г. (наш арх.бр.0503-227/1 од 11.01.2024 г.).
2. Фактурата бр.2024-100-0058 од 11.01.2024 г. (наш арх.бр.0503-227/1 од 11.01.2024 г.), се сторнира и на субјектот од точка 1. од оваа Одлука, му се издава нова фактура, која се однесува само на периодот на работењето, односно до денот на донесувањето на оваа одлука за одземање на дозволата, која треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање.
3. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.
4. Оваа Одлука е конечна.

# О б р а з л о ж е н и е

Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, е имател на дозвола за радио емитување, бр.08-105 од 07.09.2023 г., кој емитува програма преку радиофреквенција, на локално ниво (општина Кичево), програмски сервис музичко - говорно радио од општ формат, на албански јазик.

Согласно член 80 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), за дозволата за телевизиско или радио емитување радиодифузерите, со исклучок на јавниот радиодифузен сервис, плаќаат годишен надоместок на сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) согласно со овој закон. Годишниот надоместок се плаќа за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата (член 80 став 5 од ЗАВМУ).

Во однос на надоместокот за дозволата за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, бр.08-105 од 07.09.2023 г., Агенцијата на 11.01.2024 г. испрати Фактура бр.2024-100-0058 од 11.01.2024 г. (наш арх.бр.0503-227/1 од 11.01.2024 г.) за надоместокот за дозволата, согласно која радиодифузерот имаше обврска да плати 22.106,00 (дваесет и две илјади и сто и шест) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување, за периодот од 05.01.2024 г. заклучно со 04.01.2025 г. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта на РСМ дека фактурата била уредно примена на 18.01.2024 година.

Согласно член 27 став 1 од ЗАВМУ, Агенцијата врши административен надзор, кој се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него (член 29 став 1 од ЗАВМУ).

Агенцијата, преку Секторот за финансии и логистика, изврши административен надзор на работењето на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, од аспект на исполнување на обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозволата, при што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај за извршен административен надзор (наш арх.бр.0503-887/1 од 19.02.2024 г.), констатираше дека наведениот радиодифузер не ја исполнил законската обврска пропишана во член 80 став 5 од ЗАВМУ, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на сметка на Агенцијата.

Според доставената Фактура бр.2024-100-0058 од 11.01.2024 г. (наш арх.бр.0503-227/1 од 11.01.2024 г.), Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, имало обврска да плати 22.106,00 (дваесет и две илјади и сто и шест) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2024 г. заклучно со 04.01.2025 година. Заклучно со 16.02.2024 г. кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, не извршило уплата во износ од 22.106,00 (дваесет и две илјади и сто и шест) денари.

Имено, на 13.02.2024 година, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево на сметка на Агенцијата, како годишен надоместок за радио емитување за Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, по фактура бр.2024-100-0058 од 11.01.2024 г. (наш арх.бр.0503-227/1 од 11.01.2024 г.), со цесија уплати 22.106,00 денари (дваесет и две илјади и сто и шест) денари, кои средства, Агенцијата на 14.02.2024 година ги врати на сметка на ТРД

ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево, затоа што плаќањето за радиодифузерот Трговско друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево чија сметка е блокирана, не може да се врши од сметка на друго правно лице, согласно член 183 став 7 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на РСМ“ бр.90/22) - „*правното лице не може да врши плаќање со пресметка доколку има блокирана платежна сметка*“, кои одредби се применуваат од 1 јануари 2024 година.

За наведеното Агенцијата до ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево испрати Допис (наш арх.бр.0503-792/1 од 16.02.2024 година), дека нема да биде потписник на доставената Цесија, односно Договорот за отстапување на побарување, по што истата беше вратена.

На 20.02.2024 година, физичкото лице Мунир Мехдиу на сметка на Агенцијата, како годишен надоместок за радио емитување за Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, по фактура бр.2024-100-0058 од 11.01.2024 г. (наш арх.бр.0503-227/1 од 11.01.2024 г.), уплати 22.106,00 денари (дваесет и две илјади и сто и шест) денари, кои средства, Агенцијата на 21.02.2024 година ги врати на сметка на физичкото лице, затоа што плаќањето за радиодифузерот, како правно лице не може да се врши од сметка на физичко лице. За оваа уплата, до Агенцијата беше доставена Информација (наш арх.бр.0503-1004/1 од 26.02.2024 година) од страна на физичкото лице Мунир Мехдиу.

Со оглед, дека наведениот радиодифузер не ја исполни законската обврска пропишана во член 80 став 5 од ЗАВМУ, односно не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на сметка на Агенцијата, директорот до Советот на Агенцијата достави Предлогот Уп1 бр.0803-69 од 29.02.2024 г. за донесување одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од ЗАВМУ утврдено е дека доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, Советот на Агенцијата може да преземе мерка - одземање на дозволата.

Согласно член 82 став 1 алинеја 6 од ЗАВМУ, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување, пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку имателот на дозволата не го плати надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок.

Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од ЗАВМУ ја покренува Советот по предлог на директорот на Агенцијата.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, согласно која имателот на дозволата, Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, во законски определениот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од ЗАВМУ, односно имателот на дозволата не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата, врз основа на член 83 став 1, а во врска со член 82 став 1 алинеја 6 од ЗАВМУ, достави Предлог Уп1 бр.0803-69 од 19.02.2024 г. за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево.

Советот на Агенцијата на 6-та седница одржана на 19.02.2024 г., согласно Заклучокот, арх.бр.0201-773/14 од 19.02.2024 г., го усвои Предлогот, Уп1 бр.0803-69 од 19.02.2024 г., за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио

емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, бр.08-105 од 07.09.2023 г., а согласно член 82 став 1 од ЗАВМУ, Агенцијата испрати Известување до наведениот радиодифузер (Уп1 бр.0803-69 од 21.02.2024 г.), во кое му беше укажано дека доколку не го плати во целост годишниот надоместок за дозволата за вршење радио емитување согласно член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, Уп1 бр.0803-69 од 19.02.2024 г., ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за радио емитување, по што согласно член 85 став 2 од ЗАВМУ, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Известувањето Уп1 бр.0803-69 од 21.02.2024 г., беше испратено до Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, во писмена форма по препорачана пошта. Со оглед дека до Агенцијата до моментот на донесување на оваа Одлука, не е доставена повратница од А.Д. Пошта на РСМ за прием на Известувањето (Уп1 бр.0803-69 од 21.02.2024 г.), Агенцијата изврши проверка во електронскиот систем – следење на пратки на А.Д. Пошта на РСМ преку кој се проверува статусот на пратката, при што беше констатирано дека цитираното известување е испорачано на 28.02.2024 г. Исто така, од понапред наведената комуникација со радиодифузерот евидентно е дека тој бил запознаен со содржината на Известувањето Уп1 бр.0803-69 од 21.02.2024 г., а истото е доставено и во електронска форма на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во ЦРРСМ и во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

Во согласност со член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, бр.08-105 од 07.09.2023 г. и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот Уп1 бр.0803-69 од 19.02.2024 г., од страна на членовите на Советот на Агенцијата, не ја исполнил обврската предвидена во член 80 став 5 од ЗАВМУ, Директорот на Агенцијата, достави Предлог бр.0803-69 од 29.02.2024 г. по кој Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеја 6 и член 83 став 3 од ЗАВМУ, а согласно Заклучокот на Агенцијата, арх.бр.0201-1054/12 од 05.03.2024 г., донесе Одлука со која се одзема дозволата бр.08-105 од 07.09.2023 г. за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, поради тоа што имателот на дозволата не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од ЗАВМУ, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок.

Согласно член 24 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата, доколку имателот на дозволата за телевизиско или радио емитување не изврши плаќање на надоместокот, по доставената фактура во рокот наведен во став 3 на овој член од Правилникот, истата се сторнира и му се издава нова фактура која се однесува само на периодот на работењето, која фактура се плаќа не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање. Во спротивно наплатата на долгот, се врши по судски пат.

Следствено на наведеното, Фактурата бр.2024-100-0058 од 11.01.2024 г. (наш арх.бр.0503-227/1 од 11.01.2024 г.) за надоместокот за дозволата за радио емитување, се сторнира и на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, му се издава нова фактура, која се однесува само

на периодот на работењето, односно до денот на донесувањето на оваа одлука за одземање на дозволата и која ќе треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање.

Согласно член 84 од ЗАВМУ, Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука за одземање на дозволата, Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево;
- Управителот на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево Скопје и
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.